

**СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПУШЕЊЕ – ЦЈЗ-СКОПЈЕ**

Работни денови: секој вторник и четврток од 13-15 часот

на Одделението за социјална медицина

## ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

## СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПУШЕЊЕ (СОП)

Република Македонија е една од 168-те држави во светот, кои ја имаат ратификувано Повелбата на WHO FCTC (Рамковна конвенција за контрола на тутунот) во 2006 година.

Нашата држава во целост ги имплементираше препораките од WHO FCTC и заклучно со 2010 година воведе ригорозни законски мерки за забрана на пушењето.

Во 2009 година Република Македонија дополнително воведе пикторијали (предупредувачки слики) на сите производи од тутунот согласно Директивата на Европската Унија 2001/37/EC.

Здравствената Стратегија 2020 од Регионалната канцеларија на СЗО предвидува Акционен план со препораки до земјите членки за превенција и контрола на незаразните заболувања.

Штетните ефекти од употребата на тутунот и неговите производи се сметаат како водечки ризик фактори кои се поврзани со појавата на некои хронични незаразни заболувања.

Активностите ќе се спроведуваат согласно Целите на Стратегијата ,,Здравје за сите во XXI век" на СЗО, според која во 2015 година во сите земји бројот на непушачите треба да биде барем 80% кај лицата над 15 години и близу 100% кај лицата до 15 години.

Советувалиштето ќе биде специјализирано за бесплатни совети на клиентите за откажување од пушењето и ќе биде доброволно, доверливо и анонимно.

Во СОП ќе се спроведуваат активности согласно ,,5 - *А*" Стратегија која ќе опфати пет модули во делот на едукацијата:

- *ASK- ПРАШАЈ*
- *ADVICE - СОВЕТУВАЈ*
- *ASSESS - ПРОЦЕНИ*
- *ASSIST- ПОМОГНИ*
- *ARRANGE - СЛЕДИ*

Едукацијата ќе се спроведува групно и индивидуално .

Во зависност од видот на едукациите, советувањето на клиентите ќе го врши тим од доктор, медицинска сестра и дипломиран социјален работник.

За групната едукација формирањето на групите (мала група од 6-10 лица) ќе се врши според возраста, степенот на образованието и претходното знаење на клиентите за споменатата проблематика.

Индивидуалната едукација ќе се спроведува КАЈ ЛИЦАТА КОИ САМИ ЌЕ ИСКАЖАТ ЖЕЛБА ДА СЕ ОТКАЖАТ ОД ПУШЕЊЕТО.

Исто така, во однос на терапијата на клиентите во ЦЈЗ - Скопје ќе се организира и поделба на никотинска супституциона терапија според FDA - одобрена фармакотерапија во вид на: ФЛАСТЕРИ, МАСТИКИ, ЛЕПЕНКИ, ИНХАЛЕР, НАЗАЛЕН СПРЕЈ.

*ОСНОВНИТЕ ЦЕЛИ НА СОВЕТУВАЛИШТЕТО СЕ :*

- *ДА СЕ ОДРЕДИ ПУШАЧКИОТ СТАТУС*
- *ДА СЕ ОДРЕДИ МОДЕЛОТ НА ТРЕТМАН НА КОРИСНИКОТ*
- *ДА СЕ ОДРЕДИ МОДЕЛОТ НА ТРЕТМАН НА ЗАВИСНИКОТ*
- *ДА СЕ ПРОЦЕНИ ТУТУНСКАТА ЗАВИСНОСТ*
- *ПОМОШ НА ЗАВИСНИКОТ ОД ТУТУНОТ ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТАДИУМОТ*
- *КУСИ СОВЕТИ ЗА ПРИДОБИВКИТЕ ОД НЕПУШЕЊЕ*
- *ОБЈАСНУВАЊЕ НА СИМПТОМИТЕ НА АПСТИНЕНЦИЈАЛНА КРИЗА*
- *ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРОМЕНИТЕ ВО ОДНЕСУВАЊЕТО*
- *СОВЕТИ ЗА САМОПОМОШ*
- *ДА СЕ ОТКАЖАТ КЛИЕНТИТЕ ОД ПУШЕЊЕ*

*СОВЕТИТЕ ЗА ПОГРЕШНИТЕ ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ПУШЕЊЕТО ЌЕ БИДАТ НАМЕНЕТИ ЗА ОНИЕ ПУШАЧИ КОИ НЕ МОЖАТ САМИ ДА СЕ ОТКАЖАТ ОД ПУШЕЊЕТО.*

*СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА КОНТИНУИРАНОТО СОВЕТУВАЊЕ НА КЛИЕНТИТЕ ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМИ СТАПКАТА НА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПУШЕЊЕТО.*